РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-3078/3 од 12.08.2024
20 год.
Велес

Врз основа на Јавниот повик за учество во активна мерка (Мерка 6. Програма за работно ангажирање-Јавни работи од ОП за активни програми мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот 2024) од Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Општина Велес има потреба од ангажирање на општи работници поради што објавува

# Јавен повик

За вклучување на невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктура и заштита на животна средина на локално ниво

Се повикуваат сите невработени заинтересирани лица да се пријават за извршување на јавни работи за потребите на Општина Велес според Јавниот повик на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Јавниот повик се објавува поради потребата на Општина Велес за ангажирање на лица кои доброволно ќе ги извршуваат активностите:

- Оплеменување на зеленилото во градот
- Засадување на нови садници
- Подигнување на нови зелени површини низ градот
- Кастрење на вегетацијата
- Чистење и одржување на чистотата на повеќе локации во градот

Времетраењето на ангажманот е 30 работни дена кој ќе се регулира со склучување на договор за ангажман. На невработените лица ќе им се исплаќа надоместок од 800 денари по работно ангажирано лице, дневно со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.
На корисниците на парична помош за времетраење на работното ангажирање ќе им биде активно правото на користење на парична помош.

Заинтересираните лица потребно е да достават: пријава, копија од лична карта и копија од трансакциона сметка на следната адреса: Општина Велес, ул. „Панко Брашнар“ бр.1 со назнака за Јавен повик за пријавување на општи работници во архивата на општината.

Рокот за пријавување е 5 работни дена од датумот на објавување на јавниот повик на веб страната на Општина Велес и на огласна табла на АВРМ и Општина Велес.

По завршувањето на рокот за пријавување по јавниот повик, пријавените кандидати ќе бидат повикани. Условите, правата и обврските ќе бидат уредени помеѓу Општина Велес, Агенцијата за вработување и ангажираното лице

Општина Велес
Градоначалник
Марко Колев